# И З В Е Ш Т А Ј

**за активностите на  Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за период од шест месеци**
**(за периодот од 15.03.2017 до 15.09.2017)**

15.09.2017 година, Скопје

Согласно член 7 став 2 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Службен весник на Република Македонија бр.159/15) на 15.09.2017 година го поднесувам следниот (четврт) :

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за период од шест месеци (за периодот од 15.03.2017 до 15.09.2017)

## I. Карактеристики на четвртиот извештаен период

Она што особено го разликува и карактеризира Четвртиот извештај за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во натамошен текст ова Јавно обвинителство) за периодот 15-ти март 2017 година до 15-ти септември 2017 година, од останатите три извештаи е поднесувањето на обвиненија за повеќето отворени истражни постапки од страна на ова Јавно обвинителство во рамки на овој извештаен период.

Имено, работата на ова Јавно обвинителство во извештајниот период беше детерминирана од постоечките законски решенија на кои укажувавме во претходните извештаи. Тука посебно мислам на одредбата од член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите која во стручната јавност се толкуваше и се толкува на различни начини, од кои причини истражителските тимови, а посебно јавните обвинители преземаа се што беше во рамки на нивните законски можности со цел завршување на што повеќе истражни постапки и поднесување на обвиненија заклучно со 1 јули.

Поднесени се вкупно 18 обвиненија за 19 предмети против 120 лица за 168 кривични дела. Во текот на извештајниот период отворени се вкупно 7 нови истражни постапки против вкупно 25 физички и превземени се истражни дејствија спрема 4 правни лица.

Ценам дека е од особена важност да истакнам дека поднесените обвиненија се резултат на исклучителното залагање на целокупниот тим на ова јавно обвинителство бидејќи во суштина во 10-те месеци во кои фактички работиме и покрај сите правни нејаснотии и недоречености во законите, како и

одредени опструкции на нашето постапување со кои се соочивме во отворените истраги, иако се работи за навистина сложени кривични дела, сепак успеавме да ги завршиме истрагите кои резултираа со поднесување на обвиненија за кои сметаме дека се обезбедени цврсти докази.

И покрај неопходноста од постоење на соодветен временски период за истражување и преземање на потребните дејствија за докажување на ваков вид на кривични дела, поднесените обвиненија кои се резултат на 10 месечната работа се состојат во прибавување на навистина обемна документација и доказен материјал, опсежни и сеопфатни материјални докази, употреба на меѓународната правна помош во предметите, сослушување на голем број сведоци, како и обезбедување на неопходните вештачења. Сето погоре наведено несомнено укажува на оправданоста на обвиненијата зад чие докажување ние цврсто ќе застанеме пред судот.

При тоа, на сериозноста и обемноста на преземените дејствија во овие предмети евидентно упатува и фактот што се работи за сериозни злоупотреби на институционалните капацитети, како од страна на поединци така и од страна на организирани групи, злоупотреба на службените положби и овластувања, но и злоупотреби на законските постапки за јавни набавки.

Поаѓајќи првенствено од целта заради која беше формирано Специјалното јавно обвинителство резултатите од досегашната работа ја потврдуваат сериозноста во истражување и гонење на софистицирана корупција од висок профил и како таква институција има капацитет и треба да продолжи да работи и понатаму во Република Македонија. Довербата која преку резултатите од нашата работа успеавме да ја стекнеме пред се кај граѓаните претставува уште една потврда дека Специјалното јавно обвинителство како институција етаблирана во домашниот правосуден систем претставува важен институционален механизам. Во оваа насока морам да истакнам дека 1-ви јули не менува ништо во фактот што ова Јавно обвинителство како професионална и независна институција има капацитет и ќе продолжи преку независни и темелни истраги за кривичните дела за кои е надлежно, во соодветни законски постапки да обезбеди остварување на кривичната правда и да создаде гаранции дека сторителите на кривичните дела нема да останат неказнети.

Ова Јавно обвинителство и во овој период остана одлучно и посветено во намерата да ја исполни целта заради која е формирано за истражување на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Овозможувањето на Специјалното јавно обвинителство да ја оствари оваа цел претставува суштинскиот чекор напред во враќањето и зачувувањето на владеењето на правото.

Со поднесените обвиненија за определени лица за кои сметавме дека се исполнети соодветните законски основи беше побарано определување на мерки притвор и определување на мерки на претпазливост. Во првостепената постапка не беа определени мерки притвор од кои причини од наша страна беа изјавени жалби, за што дури со одлуки на Врховниот суд на Република Македонија беа определени мерки притвор против 2 лица.

Исто така, за работата на ова Јавно обвинителство е многу важно да напоменам дека Апелациониот суд Скопје одлучувајќи по наша жалба на решение со кое беа издвоени снимките и беше определено дека истите не може да се користат како доказ во постапката, утврди дека аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката. Одлуката на Апелациониот суд е исклучително важна и е во согласност и со мислењата на голем број универзитетски професори и правни експерти кои во свои јавни настапи и излагања изнесоа свои ставови дека со оглед на специфичната законска надлежност на ова Јавно обвинителство материјалите кои се поврзани и произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да се користат како доказ во постапката. Уште повеќе, одлуката на Апелациониот суд Скопје го потврдува фактот дека со самото донесување на Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите аудио записите од телефонските разговори се внесени во правниот поредок на Република Македонија и врз основа на Законот ова Јавно обвинителство има надлежност но и обврска да истражува кривични дела и да гони сторители на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

На ова се надоврзува и обврската која Република Македонија ја има согласно Европската конвенција за човекови права и голем број други меѓународни инструменти кои Република Македонија ги има ратификувано, а тоа е да ги обезбеди неопходните предуслови за остварување на правата на нејзините граѓани предвидени во овие меѓународни инструменти, но и да обезбеди заштита на овие права, меѓу другото и преку ефективно истражување на сериозните повреди и прекршувањата и санкционирање на сторителите.

Интензитетот на работа во извештајниот период кој наметна ставање на сите човечки капацитети со кои располага ова Јавно обвинителство во функција на подготовка и поднесување на обвиненијата за своја последица го имаше фактот што во овој период се отворени помал број на истраги за разлика од претходните извештаи и наша цел во идниот период ќе претставува отворање на нови истраги и преземање на сите законски дејствија кои ни стојат

на располагање во насока на темелно истражување на кривичните дела кои се во наша надлежност. Покрај тоа, акцент ќе биде ставен и на преслушување и обработка на аудио фајловите и отворање на нови предистражни постапки.

Јас како Специјален обвинител длабоко сум уверена дека ова Јавно обвинителство во рамки на законскиот мандат кој му е доверен има цел и обврска да создаде цврста основа на која ќе може да се реализираат правните и институционалните гаранции за владеење на правото и обезбедување стабилност и одговорност на институциите, ефикасни механизми за борба со криминалот и корупцијата, институционално и системско справување со прекршувањето на човековите права и злоупотребите на институционалниот систем и ставање крај на неказнивоста.

Несомнено дека поднесувањето на овие обвиненија претставува само еден чекор поблиску до исполнување на мандатот кој му е доделен на Специјалното јавно обвинителство во интерес на граѓаните на Република Македонија. Јас и мојот тим сме цврсто убедени дека во соодветна судска постапка ќе докажеме дека обвинетите ги имаат сторено кривичните дела кои им се ставаат на товар со поднесените обвиненија.

Покрај мојата законска обврска за доставување на овој извештај за активностите на Јавното обвинителство со кое раководам за изминатиот шест месечен период во кој се содржани податоци врз основа на кои може да се цени законитото и професионално работење на ова Јавно обвинителство, цврсто сум убедена дека и овој извештај ја покажува заложбата за транспарентност, отчетност и одговорност во работењето.

Ова Јавно обвинителство секогаш ќе се раководи од принципот на еднаквост на граѓаните, стремејќи се да ја зголеми довербата на граѓаните во правосудниот систем преку транспарентно и независно постапување, за што гарант е автономноста на ова Јавно обвинителство.

## II. Човечки ресурси и Оперативни активности во предметите во ова Јавно обвинителство

### II.1 Човечки ресурси

Како што истакнав и во претходните извештаи стручното знаење кое го поседува тимот на ова Јавно обвинителство има исклучително значење во исполнување на мандатот кој го има ова Јавно обвинителство. Од друга страна, организационата поставеност на мојот тим кој вклучува проактивен пристап на заедничка работа на јавните обвинителите со истражителите, стручните соработници, економските советници и ИТ одделението несомнено даде значаен придонес во резултатите од досегашната работа на ова Јавно обвинителство.

Сметам дека е важно да истакнам дека концептот кој јас како Специјално јавно обвинителство се обидов да го воведам во пракса и мислам дека се покажа како многу ефикасен е различен, во себе содржи многу релевантни елементи кои ангажираат човечки ресурси кои соработуваат на исто ниво, а самата одбрана може во секое време да има пристап до активностите кои ги спроведуваме и може проактивно да учествува.

Во насока на зајакнување на капацитетите на тимот на ова Јавно обвинителство на 26.07.2017 година објавен беше Јавен оглас за вработување и на ден 27.07.2017 година е објавена техничка исправка на истиот. Јавниот оглас беше објавен за вкупно 35 работни места, од кои 4 работни места за лица кои вршат технички и помошни работи и 31 работно место за јавнообвинителски службеници, за кои се поднесени вкупно 255 пријави. Со оглед на фактот што на ден 06.08.2017 година Собранието на Р. Македонија донесе решение за распишување на Локалните избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје за 15 октомври 2017, а имајќи го предвид член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот Законик, истиот е ставен во мирување.

Во текот на Извештајниот период ова Јавно обвинителство функционираше со 25-те припадници на правосудната полиција - истражители доделени за работа во ова Јавно обвинителство од Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција. Ова пред се заради тоа што капацитетите на истражителскиот тим на ова Јавно обвинителство во целост одговорија на обемот и видот на доделените работни задачи. Кон крајот на извештајниот период повлечени се наредбите за 2 припадници на правосудната полиција – истражители и истите се ставени на располагање на институциите од кои беа доделени за работа.

### II.2. Оперативни активности и работа на предмети

Карактеристиките на работата на ова Јавно обвинителство во предистражните и истражните постапки и воспоставениот концепт опфаќаат координиран пристап на работа на истражителскиот тим доделен за работа во ова Јавно обвинителство во тесна соработка со јавните обвинители.

Во текот на извештајниот период во рамки на предистражните и истражните постапки преземени се вкупно 6445 дејствија.

#### II.2.1 Оперативни активности

Табеларниот приказ подолу ги прикажува активностите преземени од страна на истражителскиот тим доделен за работа во ова Јавно обвинителство во наведениот период во рамки на законските овластувања во однос на сите

предмети кои се водат пред ова Јавно обвинителство во периодот од 15-ти март 2017 година до 15-ти септември 2017 година.

| | |
|---|---|
| Службени белешки | 520 |
| Учество во сослушување на сведоци | 136 |
| Учество во сослушување на осомничени/обвинети | 23 |
| Изработени истражителски записници за сослушување на сведок | 16 |
| Контакти со граѓани/извори на информации | 106 |
| Доставени покани за разговор со сведоци и осомничени | 106 |
| Изработени/доставени акти (барања, препратни писма, наредби, овластувања) до други институции | 819 |
| Изработка на анализи/аналитички продукти | 164 |
| Увид во документација на правни субјекти | 123 |
| Учество во претреси | 2 |
| Учество на службени состаноци со надворешни субјекти | 38 |
| Учество во работни состаноци одржани во Обвинителството | 162 |
| Притвор | / |
| Оперативно набљудување на лица и објекти | 22 |
| Табеларни Прикази | 309 |
| Одземени предмети | 42 |
| Изработени записници за прием на материјали | 22 |
| Изработени профили на субјекти | 30 |

### II.2.2 Предистражни постапки

Во текот на Извештајниот период заведени се 142 нов предистражен предмет. Од нив 49 предмети се формирани по сопствена иницијатива, а 93 предмети се формирани врз основа на пријави од други подносители. Вклучувајќи ги претходно отворените 50 активни предистражни постапки во ова Јавно обвинителство во моментот се во работа вкупно 99 активни предистражни постапки.

Во текот на Извештајниот период преземени се голем број на дејствија во рамки на отворените предистражни постапки кои се однесуваат на незаконското следење на комуникациите, како и незаконитости во врска со финансирањето на медиумите, злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања, разни злоупотреби на постапки за јавни набавки, даночно затајување, перење пари, разни коруптивни дејствија и разни злоупотреби на службена положба и овластувања и финансиски истраги, имајќи предвид дека дел од нив се отворени и пред овој извештаен период, а дел од нив во овој период преминаа во фаза на истраги.

Табеларен приказ на активностите и дејствијата преземени од јавните обвинители во предистрагата.

| Преземени дејствија во рамки на предистражните постапки | Вкупен број |
|---|---|
| Наредби чл. 283 и 284 од ЗКП | 29 |
| Наредба за вештачење | 2 |
| Наредба за преснимување на аудио материјали | 8 |
| Наредба за претрес | 1 |
| Решение за отфрлање на кривична пријава | 9 |
| Покани за сведоци | 185 |
| Вкупен број на сослушани лица (сведоци и осомничени) | 163 |
| Записници за испитување на сведоци | 161 |
| Записник за испитување осомничен | 2 |
| Барања по член 287 од ЗКП | 3795 |
| Барања до МВР | 43 |
| Барања до МВР за вештачење | 1 |
| Барања до МВР за привремено одземање компјутерски податоци | 3 |
| Барање за декласификација | 1 |
| Барање до суд за издавање наредба за претрес | 4 |
| Барање за издавање наредба за пребарување во компјутерски систем и компјутерски податоци | 3 |
| Барање за увид | 13 |
| Предлог за казнување на одговорно лице | 1 |
| Жалба | 2 |
| Ургенција | 16 |
| Записници за прием на материјал | 2 |
| Записник за предавање на материјали | 1 |
| Замолници за меѓународна правна помош | 15 |
| Дописи, Известувања, одговори | 4 |
| Потврда  за одземени предмети | 3 |
| Решение за трошоци | 1 |
| **Вкупно** | **4305** |

### II.2.3 Истражни постапки

Во периодот од 15 март 2017 до 15 септември 2017 година ова Јавно обвинителство отвори 7 нови истражни постапки, против вкупно 25 физички лица во рамките на кои се превземени истражни дејствија и спрема 4 правни лица. Од отворените 7 нови истражни постапки, во извештајниот период се поднесени обвиненија за 5 истражни предмети. Во овој период истрагата беше проширена за 6 физички лица и беа превземени истражни дејствија спрема 3 правни лица. Предвид наведеното во овој период поведени се истражни постапки против вкупно 31 физичко лице и преземени се истражни дејствија спрема 7 правни лица. Донесени се и наредби за запирање на истражната постапка за 7 лица.

| **Преземени дејствија во рамки на отворените истражни постапки** | **Вкупен број** |
|---|---|
| Наредба за спроведување на истражна постапка | 25 |
| Наредба за запирање на истражна постапка | 7 |
| Наредба за проширување на истрага за нови кривични дела | 6 |
| Наредба чл.283 и чл.284 од ЗКП | 38 |
| Наредби за вештачење | 26 |
| Предлог за издавање на наредби за привремено одземање на предмети | 15 |
| Барање за издавање наредба за пребарување во компјутерски систем и компјутерски податоци | 2 |
| Обвинителен акт | 102 |
| Обвинителен предлог | 18 |
| Покани за сведоци | 371 |
| Покани за осомничени | 224 |
| Покана за претставник на правни лица | 1 |
| Вкупен број на сослушани лица (сведоци и обвинети) | 372 |
| Записници за испитување на сведоци | 248 |
| Записници за испитување на обвинети | 124 |
| Записник за предавање на списи и докази | 46 |
| Записник за увид во предмет | 29 |
| Барања по член 287 од ЗКП | 277 |
| Барања до МВР | 25 |
| Барања до Основен суд Скопје 1 Скопје | 12 |
| Барање податоци од казнена евиденција | 75 |
| Предлог за определување на мерка притвор | 18 |
| Предлог за определување мерки на претпазливост | 48 |
| Предлог за привремено запирање на извршување на финансиска трансакција на банкарска сметка со привремено одземање на имот | 2 |
| Барање за декласификација | 4 |
| Барања за увид | 10 |
| Барање за изземање чл.33 ст.2 од ЗКП | 1 |
| Барање за заштита на законитоста | 1 |
| Жалби | 26 |
| Одговор на жалба | 11 |
| Ургенција | 45 |
| Наредба за преснимување на аудио материјали | 33 |
| Барање за процена на имот | 1 |
| Записници за прием на материјал | 4 |
| Замолници за меѓународна правна помош | 9 |
| Решенија за трошоци | 37 |
| Решение за непреземање на гонење | 6 |
| Решение за надлежност | 1 |
| Известување за завршување на истражна постапка по чл.302 од ЗКП | 134 |
| Известувања | 56 |
| Дописи, одговори и други акти | 22 |
| **Вкупно** | **2140** |

### II.2.4 Поднесени обвиненија

Во извештајниот период поднесени се 18 обвиненија за 19 предмети против вкупно 120 лица. Од нив, поднесени се обвинителни акти против 102 лица и обвинителни предлози против 18 лица, од кои 11 физички и 7 правни лица. Со поднесените обвиненија поднесени беа предлози за определување на мерка притвор за 18 лица и предлози за определување на мерки на претпазливост за 48 лица.

Имајќи ги предвид сите 24 предмети кои се во работа во ова Јавно обвинителство од неговото формирање заклучно со четвртиот извештаен период пред ова Јавно обвинителство се водат постапки против вкупно 165 лица.

Во табеларниот приказ подолу е прикажана структурата на кривичните дела со поднесените обвиненија. Заради поголема прегледност кривичните дела не се разложени по ставови.

| **Назив на кривично дело:** | **Број на сторени кривични дела** |
|---|---|
| Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 | 11 |
| Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.5 | 77 |
| Злосторничко здружување од чл.394 | 26 |
| Фалсификување исправа од чл.378 | 1 |
| Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165-а | 7 |
| Повреда на избирачкото право од чл.159 | 5 |
| Повреда на слободата на определување на избирачите од чл.160 | 10 |
| Поткуп при избори и гласање од чл.162 | 1 |
| Уништување на изборен материјал од чл.164 | 4 |
| Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 | 3 |
| Фалсификување службена исправа од чл.361 | 5 |
| Помагање на сторител по извршено кривично дело од чл. 365 | 1 |
| Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување од чл.142 | 7 |
| Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно - приватно партнерство од чл. 275-в | 6 |
| Даночно затајување од чл.279 | 6 |
| Бесправно градење од чл.244-а | 3 |


Број и вид на кривични дела од Кривичниот законик на Р.М. за кои се поднесени обвиненија
Член 244-а
Член 279
Член 275-в
Член 142
Член 365
Член 361
Член 359
Член 164
Член 162
Член 160
Член 159
Член 165-а
Член 378
Член 394
Член 353 ст.5
Член 353
0
10
20
30
40
50
60
70
80
90

### II.2.5 Учество на јавните обвинители во постапките пред судовите

Со поднесените обвиненија за определени лица за кои сметавме дека се исполнети соодветните законски основи беше побарано определување на мерки притвор и определување на мерки на претпазливост. Одлуките на судовите се прикажани во табеларниот приказ подолу.

| Побарани мерки на претпазливост | Одбиени од страна на судот | Прифатени од страна на судот | | Одлука на Апелационен суд | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | целосно | делумно | Потврдени првостепени решенија за определени мерки | Потврдено првостепеното решение за одбивање на мерката | Преиначена одлука - прифатено барањето за мерка | Преиначено второстепеното решение - целосно прифатен предлогот за мерки |
| 48 | 7 | 34 | 7 | 34 | 6 | 1 | 7 |

Со оглед на тоа што во поднесените обвиненија се работи за исклучително тешки кривични дела кои им се ставаат на товар на обвинетите од кои причини сметавме дека за одредени лица е неопходно определување на мерката притвор, ова Јавно обвинителство поднесе жалби на одлуките на Основниот суд Скопје 1 Скопје, за што дури со одлуки на Врховниот суд на Република Македонија беа определени мерки притвор против 2 лица.

Во табеларниот приказ подолу се прикажани жалбите од страна на ова Јавно обвинителство како и одлуките на судовите по однос на поднесените жалби од кој е евидентно дека од страна на судот во прв степен не е определена ниту една од побараните мерки притвор.

| Побаран притвор од суд | Определен притвор од страна на удот | Одбиен притвор од страна на судот | Определени мерки на претпазливост од страна на судот по поднесени барања за | Целосно одбиено барањето за притвор | жалби | Одлука на Апелационен суд | | Одлука на Врховен суд | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Потврдена одлука на првостепениот суд | Преиначена одлука на првостепениот суд во притвор | Потврдена одлука на Апелационен суд | Преиначена одлука на Апелационен суд во мерка на претпазливост |
| 18 | / | 18 | 16 | 2 | 18 | 15 | 3 | 2 | 1 |

Во извештајниот период јавните обвинители учествуваа во вкупно 46 постапки пред судовите во Република Македонија.

### II-3 Стручна помош и поддршка на јавното обвинителство

Правните дилеми и недорече765ностите во постоечките законски решенија, од аспект на статусот и постапувањето на ова Јавно обвинителство и во овој период ја наметнаа потребата од ангажирање на експерти и стручни лица во својство на правни експерти (советници) со цел користење на нивното стручно знаење и професионално искуство во толкување на позитивното право од доменот на ова Јавно обвинителство.

И во овој извештаен период посветивме внимание на континуирано унапредување на знаењата и вештините на јавните обвинители, истражителите и вработените во Јавното обвинителство преку учество на предавања и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и меѓународни експерти и стручни лица кои поседуваат знаење и професионално искуство, а кои се од особена важност во практичната работа на ова Јавно обвинителство со цел поддршка на професионално, објективно и независно истражување на кривичните дела

поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

## II-4 Финансиско работење на Јавното обвинителство

Финансирањето на работата на Јавното обвинителство, согласно член 15 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите се состои од средства за плати и надоместоци на јавните обвинители, плати и надоместоци на вработените во јавнообвинителската служба, средства за набавка на стоки и услуги, трошоци за време на постапките, вклучувајќи и средства за советувања и мислење од експерти, средства за професионално унапредување на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската служба, добивање на капитални инвестиции и средства за одржување на просториите и опремата во Јавното обвинителство.

Целокупното финансиско работење на Јавното обвинителство и во овој извештаен период се движи во рамки на одобрениот буџет за 2017 година. Од одобрениот буџет за ова Јавно обвинителство за 2017 година во вкупен износ од 228.005.000,00 денари, во периодот од 01.01.2017 година, заклучно со 15.09.2017 година реализирани се средства во вкупен износ од 104.414.558,00 денари или 45,79% од одобрениот буџет за 2017 година. Од одобрениот буџет за ова Јавно обвинителство за 2017 година, во периодот од 16.03.2017 година заклучно со 15.09.2017 година има реализирано средства во вкупен износ од 76.531.743,00 денари или 33,57% од буџетот на ова Јавно обвинителство за 2017 година. Наведените податоци и во четвртиот извештаен период покажуваат континуитет во рационалното трошење на одобрените средства од страна на ова Јавно обвинителство и тоа единствено во функција негово нормално функционирање и преземање на потребните дејствија во постапките.

Најголем дел од одобрените буџетски средства во периодот 15-ти март 2017 година до 15-ти септември 2017 година се реализирани со цел подмирување на преземените обврски по основ на трошоци за закуп имајќи предвид дека објектот во кој е сместено седиштето на ова Јавно обвинителство му е даден под закуп. Воедно, во тек на извештајниот период се јави потреба за подобрување на функционалноста и овозможување на соодветни услови за работа и за извршување на основната дејност на ова Јавно обвинителство која беше од крајна итност, посебно со оглед на временската рамка во која треба да се завршат започнатите постапки. Уште повеќе од причини што во текот на досегашното работење произлезе потреба од користење на дополнителни простории за сместување на опремата, вработените и материјалните докази во насока на решавање на ваквата состојба во текот на месец јули 2017 година е склучен договор за закуп на деловна просторија која се наоѓа во истиот објект каде е седиштето на ова Јавно обвинителство. Во претстојниот период ќе се

изврши адаптација на оваа деловна просторија со цел да ги задоволува безбедносните стандарди за постапување со предметите и материјалите од надлежност на ова обвинителство.

## III. Анализирање на аудио фајлови и други материјали

Како што веќе беше наведено во третиот извештаен период ова Јавно обвинителство поседува вкупно 606 555 аудио фајлови.

Заклучно со датумот на поднесување на овој Извештај се анализираше содржината на 424 589 аудио фајлови односно во обработка се 70% од вкупниот број на аудио фајлови со кои располага ова Јавно обвинителство при што изработени се 1039 транскрипти каде што врз основа на преслушаните разговори има индикација дека е сторено кривично дело. Утврдената динамика на анализа и обработка на материјалите ќе продолжи и во претстојниот период. При анализа и обработката на материјалите се постапува согласно воспоставените интерни правилници и процедури за евидентирање на процесот на преслушување и обработка на материјалите како и обврската за целосно почитување на принципот на тајност и заштита на приватноста на граѓаните на Република Македонија и други лица, гарантирана со Уставот на Република Македонија и Европската конвенција за човекови права, и со тоа на секое лице да му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот.

И во текот на овој извештаен период продолжи процесот на одвојување на приватните разговори од разговорите кои се во обработка. Од вкупниот број на анализирани разговори 424 589 издвоени се 152 680 аудио фајлови за кои се утврди дека станува збор за приватни разговори.

Ова Јавно обвинителство исто така е во процес на анализирање на форензичките копии од предметот против Захир Бекири викан Чауш и Имер Бекири доставен од страна на Основното јавно обвинителство Скопје, при што утврдени се повеќе од 80 000 аудио фајлови за кои веќе се анализира колкав е бројот на телефонски разговори кои се предмет на незаконското следење на комуникациите.

Воедно, од одземените предмети при извршениот претрес кај едно лице во рамки на една предистражна постапка во извештајниот период при анализа на форензичките копии утврдени се повеќе од 15 000 аудио фајлови на кои во моментот се врши обработка во насока на утврдување колкав е бројот на телефонски разговори кои се предмет на незаконското следење на комуникациите. Укажувам дека за оваа предистражна постапка сеуште во тек е форензичка анализа на одземените предмети, така што презентираната бројка не е конечна бројка.

### III.1 Известување на граѓаните по однос на барањата за проверка на незаконско следење на комуникациите

Од отворање на истражната постапка во предметот познат во јавноста како "ТАРГЕТ" кај граѓаните постои навистина огромен интерес да добијат информација дали нивните телефонски броеви биле предмет на незаконско следење на комуникациите што го потврдува фактот што заклучно со извештајниот период до ова Јавно обвинителство поднесени се вкупно 716 барања за 1976 различни телефонски броеви. Би сакала да истакнам дека и покрај тоа што ова Јавно обвинителство нема законска обврска да ги извести лицата кај кои постои сомнеж дали телефонските броеви биле предмет на незаконско следење на комуникациите ние досега повеќе пати ги повикавме сите граѓани кои имаат ваков сомнеж да достават барања за проверка до ова Јавно обвинителство. Ова првенствено заради тоа што сметаме дека секој граѓанин има право да добие информација дали телефонскиот број му бил предмет на незаконско следење на комуникациите, почитувајќи го при тоа и начелото на транспарентност во работењето. Во оваа насока иако во изминатиот период заради неспорно зголемениот обем на работа не успеавме да одговориме на доставените барања, сепак заклучно со Извештајниот период врз основа на опсежна анализа на податоците со кои ова Јавно обвинителство располага како и периодот во кој е овластено да истражува доставени се 470 известувања до подносителите на барањата. Воедно, постапувајќи по доставените барања, повикани и сослушани се 40 лица. Во претстојниот период процесот на анализа на сите податоци со кои располагаме со цел утврдување кои броеви биле предмет на незаконско следење на комуникациите ќе продолжи и зависно од утврдените резултати ќе се постапи по сите доставени барања од страна на граѓаните.

## IV. Опис и напредок во предметите кои се водат во ова јавно обвинителство

### IV-1. НСК-КО бр.1/15

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.1/15 во која се преземени повеќе од 800 процесни дејствија на 30.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е Обвинителен акт против 21 лице и тоа:

- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување" од чл.394 ст.1 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања" од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.22 и чл.45 од Кривичниот законик и „Повреда на избирачкото право" од чл.159 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.23 и чл.45 од Кривичниот законик;

- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.1 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик и „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 в.в. со чл.22 и чл.45 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.1 од Кривичниот законик и „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.1 од Кривичниот законик, “Повреда на слободата на определување на избирачите од член 160 ст.1 в.в чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик,” „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик Кривичниот законик, и „Уништување на изборен материјал “ од чл.164 ст.2 в.в. чл.23 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.1 од Кривичниот законик, „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 в.в. со чл.24 од Кривичниот законик и „Повреда на избирачкото право“ од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в чл.45 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл. 394 ст.2 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од чл. 165-а ст. 1 в.в. со чл.22 и чл.45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл. 394 ст.2 од Кривичниот законик, „Фалсификување исправа“ од чл.378 ст.2 в.в. чл.45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.22 и чл.45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик, „ Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања “ од чл.165-а ст.1 в.в. со чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик, „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик, „ Повреда на слободата на определување на избирачите“ од 160 ст.1 в.в. чл.22 од Кривичниот законик

- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на избирачкото право“ од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в. со чл.24 и в.в. со чл.45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик, „Повреда на избирачкото право“ од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в. со чл.24 и в.в. со чл.45 од Кривичниот законик,
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на избирачкото право“ од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в. чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик и “Поткуп при избори и гласање” од чл.162 ст.1 в.в. чл..45 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик и „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл. 160 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од чл.394 ст.2 од Кривичниот законик „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл. 160 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривично дело „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од чл.160 ст. 1 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривично дело „Уништување на изборен материјал“ од чл.164 ст.2 од Кривичниот законик

Со обвинитениот акт со кој се опфатени 21 лице, за 5 лица се поднесени посебни предлози за определување мерка притвор од член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП. Со решенија на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 од 02.07.2017 година предлозите за определување мерка притвор за сите 5 лица е одбиен како неоснован и спрема сите пет лица се определени мерки на претпазливост согласно чл.146 ст.1 т.2 и т.3 од ЗКП, односно обврска на обвинетите да се јавуваат еднаш неделно кај определено службено лице во

Основниот суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на патна исправа за преминување на државна граница и забрана за издавање на нова патна или друга исправа.

По повод изјавени жалби од 06.07.2017 година од ова Јавно обвинителство за сите 5 лица, закажана е и одржана јавна седница пред Апелациониот суд Скопје на ден 21.07.2017 година и тоа за секој обвинет поединечно, по што се донесени решенија со кои изјавените жалби се одбиваат како неосновани и се потврдуваат решенијата на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Од страна на ова Јавно обвинителство за 16 лица опфатени со обвинителниот акт е поднесен предлог за определување мерки на претпазливост согласно чл.146 ст.1 т.2 и т.3 од ЗКП, односно обврска на обвинетите да се јавуваат еднаш неделно во судот кај определено службено лице или надлежен орган и привремено одземање на патна исправа за преминување на државна граница и забрана за издавање на нова патна или друга исправа. Со решенија на Кривичниот совет на основниот суд Скопје 1 Скопје од 02.07.2017 година предлогот за определување мерки за претпазливост е уважен за сите 16 лица и спрема сите 16 обвинети се определени бараните мерки на претпазливост.

Против решенијата со кои се определени мерки на претпазливост сите 16 лица изјавија жалби, од кои за 7 лица одржана е јавна седница пред Апелациониот суд Скопје на ден 20.07.2017 година по што се донесени решенија со кои изјавените жалби за сите 7 лица се одбиваат како неосновани и за сите 7 обвинети се потврдуваат решенијата на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје. За останатите 9 лица Апелациониот суд Скопје на 19.07.2017 година донесе решенија со кои се потврдуваат решенијата на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје во однос на определените мерки на претпазливост.

### IV-2. НСК-КО бр.11/15

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.11/15 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е Обвинителен акт против 10 лица:

- Против 1 лице за кривично дело „ Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 в.в. чл.23 од Кривичниот законик,
- Против 9 лица за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 и чл.22 од Кривичниот законик;

Од страна на ова Јавно обвинителство со обвинителниот акт поднесен е и обвинителен предлог против 1 лице:

- за кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од чл.359 ст.5 в.в. со ст.4 од Кривичниот законик;

Со поднесениот обвинителен акт од страна на ова Јавно обвинителство поднесен е и предлог за определување мерки на претпазливост против 7 лица. Со Решенија на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје сите 7 предложени мерки за претпазливост се одбиени како неосновани. Од страна на ова Јавно обвинителство на 04.07.2017 година поднесени се 7 жалби против наведените решенија . Апелациониот суд Скопје на најавни седници за 6 обвинети лица ги потврди првостепените решенија со кои се одбиени мерките на претпазливост, а за едно лице го преиначи првостепеното решение и му определи мерка на претпазливост забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица и согласно член 146 став 1 точка 6 од ЗКП .

Против 1 лице од страна на ова Јавно обвинителство поднесен е предлог за определување мерка на претпазливост - Забрана за приближување и воспоставување односно одржување контакти или врски со определени лица, согласно член 39 став 2 алинеја 12 в.в член 144 в.в со член 146 став 1 точка 6 од ЗКП. Со решение на Кривичен совет на при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 30.06.2017 година предлогот е одбиен како неоснован. Од страна на ова Јавно обвинителство на 04.07.2017 година изјавена е жалба постапувајќи по која со Решение на Апелациониот суд од 30.06.2017 година, Решението на Кривичниот совет се преиначува и спрема лицето е определена бараната мерка на претпазливост.

Против 6 лица од страна на ова Јавно обвинителство поднесени се предлози за определување мерка - Забрана за преземање на работни активности согласно член 39 став 2 точка 12 в.в член 144 в.в со член 146 став 1 точка 7 од ЗКП. Со решенија на Кривичен совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 30.06.2017 година предлозите се одбиени како неосновани. Од страна на ова Јавно обвинителство на ден 04.07.2017 година изјавени се жалби. Со Решенија на Апелациониот суд Скопје од 26.07.2017 година Решенијата на Кривичен совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје се потврдени, односно бараните мерки на претпазливост не се определени.

**IV-3. НСК-КО бр.15/15**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.15/15 на 05.04.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 21 лице и тоа:

- против 8 лица за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, в.в. со ст.1, а в.в со чл.22 и чл.45 од Кривичниот законик,
- против 2 лица за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, в.в. со ст.1, а в.в со чл.22 од Кривичниот законик,
- против 10 лица за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, в.в. со ст.1, а в.в со чл.24 и чл.45 од Кривичниот законик
- против 1 лице за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, в.в. со ст.1, а в.в со чл.24 од Кривичниот законик,

Советот за оцена на обвинителен акт на Основен суд Скопје 1 Скопје на ден 05.06.2017 година донесе Решение со кое приговорите на обвинетите против обвинителниот акт се одбиваат како неосновани, а обвинителниот акт се одобрува во целост.

Основниот суд Скопје 1 Скопје закажа рочиште на 28.09.2017 година.

**IV-4. НСК-КО бр.17/15**

Како резултат на спроведена истражна постапка во рамки на предметите заведени под НСК-КО бр.17/15 и НСК-КО бр.12/16, при подготовка на обвинението се споени во еден предмет и на 30.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 4 лица:

- Против 1 лице за кривични дела „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 2 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од Кривичниот законик, „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 в.в. член 23 од Кривичниот законик и „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од

Кривичниот законик и „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од Кривичниот законик.

- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 24 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 24 од Кривичниот законик „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик

Истовремено, со обвинителниот акт поднесен е и обвинителен предлог против 8 лица:

- Против 1 лице за кривично дело Злосторничко здружување од член 394 став 1 од Кривичниот законик, кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 2 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од член 359 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривично дело Злосторничко здружување од член 394 став 1 од Кривичниот законик и кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 2 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик
- Против 4 лица за по едно кривично дело Злосторничко здружување од член 394 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик и по едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 2 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за кривично дело - Фалсификување службена исправа од член 361 став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за сторено кривично дело - Помагање на сторител по извршено кривично дело од член 365 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик.

Со поднесениот обвинителен акт односно обвинителен предлог како посебен предлог побарано е да се определи мерка притвор за 5 лица.

Во однос на предлогот за определување на мерка притвор за 1 лице согласно член 165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП, од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 01.07.2017 година предлогот за определување на мерка притвор е одбиен како неоснован и се определени мерки на претпазливост - обврска еднаш неделно да се јавува кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на службената патна и забрана за издавање на нова патна исправа.

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба против наведеното решение по што на 17.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржана е јавна седница и донесено е решение со кое првостепеното решение е преиначено при што предлогот на ова Јавно обвинителство за определување на мерка притвор против едно лице е уважено и на истиот му е определена мерка притвор во траење од 30 дена.

Постапувајќи по жалбата од обвинетото лице Врховниот суд на 26.07.2017 година донесе решение со кое е потврдено Решението на Апелациониот суд по однос на определената мерка притвор.

Во однос на предлогот за определување мерка притвор за 1 лице согласно член 165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 01.07.2017 година предлогот за определување на мерка притвор е одбиен како неоснован и е определена мерка на претпазливост - обврска еднаш месечно да се јавува кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба против наведеното решение по што на 17.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржана е јавна седница и донесено е решение со кое предлогот на ова Јавно обвинителство за определување на мерка притвор против едно лице е уважено и на истиот му е определена мерка притвор во траење од 30 дена.

Постапувајќи по жалбата од едно обвинето лице Врховниот суд на 26.07.2017 година донесе решение со кое Решението на Апелациониот суд по однос на определената мерка притвор е преиначено при што спрема обвинетиот е определена мерка на претпазливост - привремено одземање на дипломатската патна исправа и патната исправа и се забранува издавање на друга патна исправа.

Во однос на предлогот за определување на мерка притвор за 1 лице согласно член 165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 01.07.2017 година предлогот за определување на мерка притвор е одбиен како неоснован и се определени мерки на претпазливост - обврска еднаш неделно да се јавува кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на службената патна исправа забрана за издавање на друга патна исправа.

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба против наведеното решение по што на 17.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржана е јавна седница и донесено е решение со кое првостепеното решение е преиначено при што предлогот на ова Јавно обвинителство за

определување на мерка притвор против 1 лице е уважено и на истиот му е определена мерка притвор во траење од 30 дена.

Постапувајќи по жалбата од обвинетото лице од страна на Врховниот суд на 26.07.2017 година донесено е решение со кое е потврдено Решението на Апелациониот суд по однос на определената мерка притвор.

Во однос на предлозите за определување мерка притвор за 2 лица согласно член 470 став 1 точка 1 од ЗКП од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 01.07.2017 година предлозите за определување на мерки притвор се одбиени како неосновани и спрема лицата се определени мерки на претпазливост - обврска еднаш неделно да се јавуваат кај службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на патните исправи и забрана за издавање на други патни исправи.

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесени се жалби против наведеното решение по што на 17.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржани се јавни седници и донесени се решенија со кои првостепените решенија во однос на определените мерки на претпазливост се потврдени.

Во однос на посебниот предлог за определување на мерки на претпазливост за 1 лице согласно член 146 став 1 точка 2 и 3 од ЗКП од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 01.07.2017 година предлогот за определување на мерки на претпазливост е уважен и се определени мерки на претпазливост - обврска еднаш неделно да се јавува кај службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на патната исправа и забрана за издавање на нова патна исправа.

На 17.07.2017 година од страна на Апелациониот суд Скопје донесено е решение со кое првостепеното решение во однос на определените мерки на претпазливост е потврдено.

### IV-5. НСК-КО бр.21/15

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.21/15 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 7 лица:

- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.23 ст.1 од Кривичниот законик,
- Против 1 лице за кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.23 ст.1 од

Кривичниот законик и „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 в.в. чл.23 ст.1 од Кривичниот законик,

- Против 1 лице за кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овласување" од чл. 353 ст.3 вв ст.1 вв чл. 23 ст.1 од Кривичниот законик и „Злоупотреба на службената положба и овласување" од чл. 353 ст.5 в.в. ст.1. од Кривичниот законик,
- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл. 353 ст.3 вв ст.1 од Кривичниот законик .
- Против 3 лица за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овласување" од чл. 353 ст.5 вв ст.1 чл.22 од Кривичниот законик.

Со обвинителениот акт од страна на ова Јавно обвинителство е поднесен посебен предлог со кој е побарана мерка за определување на притвор спрема 1 лице. Со Решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, од 30.06.2017 година, предлогот на ова Јавно обвинителство за определување на притвор спрема 1 лице е одбиен, а се определени мерки на претпазливост - обврска да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје, и привремено одземање на патната исправа, односно забрана за издавање на нова патна исправа.

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба на 04.07.2017 година и по одржана седница пред Апелациониот суд Скопје на 19.07.2017 година истиот ден донесено е Решение од страна на Апелациониот суд со кое Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје е потврдено, односно не е изречена бараната мерка притвор.

Со Обвинителениот акт барани се мерки на претпазливост за 4 лица согласно член 146 ст.1 т.2 и т.3 од ЗКП- обврска да се јавуваат повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган и привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Со Решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 30.06.2017 година предложените мерки за претпазливост спрема 4 лица се целосно уважени при што се определени бараните мерки на претпазливост односно обврска да се јавуваат еднаш неделно кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на патните исправи, односно забрана за издавање на нови патни исправи. На 19.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржани се јавни седници по што се донесени Решенија со кои се потврдени Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје се потврдени.

Со Решение на Основен суд Скопје 1 Скопје од 03.7.2017 година барањето за изземање на судијата Татјана Михајлова, поднесено од нејзина страна за постапување по предметот е усвоено.

**IV-6. НСК-КО бр. 1/16**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.1/16 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против против 2 лица:

- Против 1 лице за сторено кривично дело Уништување на изборен материјал од член 164 ст.3 в.в. ст.2 в.в. ст.1 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за сторено кривично дело Уништување на изборен материјал од член 164 ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик

Од страна на ова Јавно обвинителство поднесен е предлог за определување мерка притвор спрема 2 лица согласно член 165 став 1 точка 2 од ЗКП. Со решенија на Кривичен совет при Основен суд Скопје 1 Скопје од 29.06.2017 година предлогот за двете лица е одбиен како неоснован. Од страна на ова Јавно обвинителство на 03.07.2017 година изјавени се жалби против Решенијата на Основниот суд Скопје 1 Скопје. За едно лице одржана е јавна седница пред Апелациониот суд Скопје по што се донесени решенија на Апелационен суд Скопје со кои се потврдени првостепените решенија при што не се определени никакви мерки.

**IV-7. НСК-КО бр.2/16**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.2/16 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против против 7 лица:

- Против 1 лице за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од чл.142 ст.1 в.в. со чл.23 од Кривичниот законик
- Против 6 лица за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од чл.142 ст.1 в.в чл.22 од Кривичниот законик

Со обвинителниот акт поднесен е предлог за определување мерки на претпазливост против 6 лица е чл.146 ст.1 т.2 од ЗКП - обврска на обвинетиот да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган и чл.146 ст.1 т.6 од ЗКП „забрана за приближување или воспоставување, односно одржување на контакти или врски.

На ден 29.06.2017 година од страна на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје е донесено решение со кое предлогот се уважува и спрема 1 лице се определуваат мерки на претпазливост односно обврска да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје и забрана за приближување или воспоставување, односно одржување на контакти или врски со определено лице. Со решение донесено од страна на Апелационен суд од 13.07.2017 година Скопје ваквото решение е потврдено.

На ден 29.06.2017 година од страна на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје се донесени решенија со кои предлозите за 5 лица делумно се уважуваат и спрема 5 лица се определени мерки на претпазливост односно обврска да се јавуваат еднаш неделно кај одговорно службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Од страна на ова Јавно обвинителство на 03.07.2017 година се поднесени жалби до Апелационен суд Скопје. Со Решенија на Апелациониот суд Скопје од 13.07.2017 година жалбите се уважени и решенијата на Кривичниот совет се преиначени така што спрема 5 лица се определени и мерки на претпазливост - забрани за приближување или воспоставување, односно одржување на контакти или врски со определено лице.

**IV-8. НСК-КО 6/16**

Во однос на обвинителниот предлог поднесен од страна на ова Јавно обвинителство до Основниот суд Скопје 1 Скопје на 15.09.2016 година против 7 лица за сторено кривично дело – Фалсификување службена исправа од член 361 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик, во текот на Извештајниот период закажани беа 2 рочишта од кои на 05.05.2017 година рочиштето беше одложено поради отсуство на првообвинетиот при што од страна на одбраната е доставена медицинска документација дека му е определено боледување, а второто рочиште е одржано на 23.05.2017 година и на истото од страна на судот е одбиен предлогот на одбраната за издвојување на списи од предметот како докази прибавени на незаконит начин и поради исполнување на законските услови за одржување на расправата главната расправа е започната и е стигнато до доказната постапка но поради не присуство на сведоците предложени од ова Јавно обвинителство главната расправа е одложена за 03.07.2017 година, која не е одржана заради барање за одлагање на расправата од страна на новоназначените адвокати на обвинетите.

Следното рочиште е закажано за 26.09.2017 година.

**IV-9. НСК-КО бр.7/16**

Во однос на обвинителниот предлог поднесен од страна на ова Јавно обвинителство до Основниот суд Скопје 1 Скопје на 15.09.2016 година против 14 лица за кривично дело Насилство од чл. 386 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик, односно за 5 лица за кривично дело Насилство од чл.386 ст.2 в.в ст.1 в.в. со чл.23 од Кривичниот законик и за 9 лица за кривично дело Насилство од чл.386 ст.2 в.в ст.1 од Кривичниот законик во текот на Извештајниот период на 03.05.2017 година закажано беше рочиштето кое беше одложено, поради недоаѓање на четворица од обвинетите, а рочиштето закажано на 28.06.2017 година рочиштето беше одложено за 28.09.2017 година.

На 04.08.2017 година постапувајќи по жалбата на ова Јавно обвинителство против Решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје, Апелациониот суд Скопје ја уважи жалбата на ова Јавно обвинителство од 03.02.2017 година, а Решението 16.12.2017 година на Основниот суд Скопје 1 Скопје со кое предметните аудио записи од телефонски разговори се издвојуваат како докази прибавени на незаконски начин, го укина.

Предметот е во фаза на подготвително рочиште, главната расправа не е започната.

**IV-10. НСК-КО бр.8/16**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.8/16 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 4 лица:

- Против 1 лице за две кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.5 в.в. со ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.22 од Кривичниот законик,
- Против 1 лице за две кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.5 в.в. со ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.22 од Кривичниот законик,
- Против 1 лице за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. со ст.3 в.в. ст.1 в.в. чл.22 од Кривичниот законик
- Против 1 лице за две кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл.353 ст.5 в.в. со ст.3 и ст.1 в.в со чл.24 од Кривичниот законик.

Со обвинителниот е поднесен посебен предлог до Основниот суд Скопје 1 Скопје против 1 лице да бидат определени мерки на претпазливост - Привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на

државна граница, односно забрана за нејзино издавање и Забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со одредени лица. Со Решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, делумно е уважен предлогот на ова Јавно обвинителство, и е определена мерка на претпазливост - привремено одземање на патната исправа односно забрана за нејзино издавање.

По одржана јавна седница на ден 14.07.2017 година, од страна на Апелациониот суд е донесено Решение од 14.07.2017 година, со кое Решението на Кривичниот совет на Основниот суд Скопје 1 Скопје е потврдено.

**IV-11. НСК-КО бр.9/16**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.9/16 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 6 лица:

- 6 лица за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 в.в. чл.22 од Кривичниот законик.

Со обвинителниот акт е поднесен и предлог за определување на мерки за претпазливост за 6 лица согласно член 146 ст.1 т.2 и т.3 од ЗКП- обврска на да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган и привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Со Решенија на Основниот суд Скопје 1 Скопје од 30.06.2017 година предлозите за определување на мерки на претпазливост се уважени, и за 6 лица бараните мерки на претпазливост се определени - односно обврска да се јавуваат еднаш неделно кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на патните исправи, односно забрана за издавање на нова патна исправа. Со Решенија на Апелациониот суд Скопје од 18.07.2017 година Решенијата на Основниот суд Скопје 1 Скопје се потврдени.

**IV-12. НСК-КО бр.10/16**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.10/16 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против против 3 лица :

- Против 3 лица за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот законик

Со Обвинителниот акт поднесен е и посебен предлог за определување мерка притвор против две лица и тоа против едно лице согласно чл.321 ст.3 и чл.165 ст.1 т.1 од ЗКП и предлог за определување мерки на претпазливост, против 1 лице, согласно чл.321 ст.3 и чл.146 ст.1 т.2 и т.3 и ст.5 од ЗКП против едно лице- обврска да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган и привремено одземање на патната исправа или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје со Решенија од 30.06.2017 година, предлозите за определување мерка притвор против 2 лица се одбиваат како неосновани и се определуваат мерки на претпазливост за двете лица- обврска да се јавуваат повремено кај службено лице кај надлежен орган и привремено одземање на патните исправи, односно забрана за издавање нови патни исправи.

Од страна на ова Јавно обвинителство на 03.07.2017 година поднесени се жалби против Решенијата на Основниот суд Скопје 1 Скопје. По двете одржани јавни седници пред Апелациониот суд Скопје на 24.07.2017 година, истиот ден од страна на Апелациониот суд Скопје донесени се Решенија со кои Решенијата на кривичниот совет по однос на мерките за претпазливост за двете лица се потврдени.

Од страна на Кривичен совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје со Решение од 30.06.2017 година, Предлогот за определување мерки на претпазливост за едно лице е уважен и определени се мерки на претпазливост - обврска да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на патната исправа, односно забрана за издавање нова патна исправа. Апелациониот суд на ден 24.07.2017 година одржа јавна седница на која жалбата на одбраната е одбиена како неоснована, а решението на Основниот суд Скопје 1 Скопје е потврдено.

**IV-13. НСК-КО бр.11/16 ШПИОН**

Предметот е во постапка пред првостепен суд и имаше закажано рочишта на 28.03.2017 година 18.05.2017 година, 15.06.2017 година и 12.07.2017 година истите беа одложени поради немање на услови за одржување на главен претрес, а закажано е судење за 26.09.2017.

### IV-14. НСК-КО бр.2/17

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.2/17 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против против 3 лица :

- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в со ст.1 од Кривичниот законик.
- Против 1 лице за три кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. ст.1 в.в. чл.45 од Кривичниот законик и едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. ст.1 од Кривичниот законик.
- Против 1 лице за три кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. ст.1 в.в. чл.45 од Кривичниот законик и едно кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. ст.1 од Кривичниот законик.

Со обвинителниот акт понесен е предлог мерки на претпазливост против 3 лица согласно член 146 ст.1 т.2 и т.3 од ЗКП - Обврска да се јавуваат повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган и Привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Од страна на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје 1 Скопје на 30.06.2017 година донесени се решенија со кои мерките на претпазливост против 3 обвинети се уважуваат. По одржаните две јавни седници пред Апелациониот суд на 13.07.2017 година, од страна на Апелациониот суд Скопје донесени се решенија со кои решенијата на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје 1 Скопје во однос на определените мерки на претпазливост се потврдени.

Од страна на ВД Претседателот на Основниот суд Скопје 1 Скопје на ден 11.07.2017 година донесено е Решение со кое е усвоено барањето за изземање на судијата Лидија Петровска од постапување по овој предмет, поднесено од нејзина страна.

### IV-15. НСК-КО бр.3/17

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.3/17 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 2 лица:

- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 в.в. чл.23 од Кривичниот законик;
- Против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 од Кривичниот законик

Истовремено, поднесен е и Обвинителен предлог против 1 лице за кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание “ од чл.359 ст.2 од Кривичниот законик;

Со обвинителниот акт не се побарани посебни мерки.

**IV-16. НСК-КО бр.4/17**

Како резултат на спроведената истражната постапка во рамки на предметот заведен под НСК-КО бр.4/17 на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 3 лица:

- за кривично дело „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од чл.275-в ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик

Истовремено, поднесен е и Обвинителен предлог против 3 правни лица:

- за кривично дело Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од чл.275-в ст.4 в.в со ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик

Против едно лице во текот на истражната постапка изречена е мерка за обезбедување на присуство на лица и непречено водење на кривичната постапка и тоа
- гаранција во вкупен износ од 875.298,52 евра, односно 53.830.861,50 денари.
- обвинетиот да се јавува на определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје,
- привремено одземање на патна исправа односно забрана за издавање на нова патна исправа, како и забрана за преминување на државните граници на РМ.

Против едно лице. во текот на истражната постапка, изречени се мерките на претпазливост и тоа

- Забрана за превземање определни работни активности кои се поврзани со кривичното дело,
- Забрана за воспоставување односно одржување контакти или врски со определени лица

Во текот на истражната постапка, од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје, за две правни лица определени се привремени мерки и тоа:

- Забрана за оттуѓување и ставање под хипотека на недвижен имот и
- Забрана за оттуѓување и располагање на било кој начин со движен имот.

**IV.17 НСК-КО бр.5/17**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.5/17 на 23.03.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 1 лице поради постоење на основано сомнение дека за извршено кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 5 в.в. став 1 од Кривичниот законик.

Предметот е во фаза на истражна постапка во рамки на која се преземаат сите потребни дејствија.

**IV.18 НСК-КО бр.6/17**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.6/17 на 22.03.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 1 лице поради постоење на основано сомнение за сторено за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 5 в.в. став 1 од Кривичниот законик.

Во рамки на истражната постапка од страна на ова Јавно обвинителство на 26.05.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е Предлог за определување на привремена мерка за обезбедување на имотно-правно барање. На 31.05.2017 година од страна на судија на претходна постапка донесено е решение со кое предлогот е одбиен како неоснован. На 05.06.2017 година од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба против решението. Од страна на Кривичниот совет на Основниот суд Скопје 1 Скопје на 05.07.2017 година е донесено решение со кое жалбата е уважена, а решението е укинато и предметот е вратено на повторно одлучување. При повторно одлучување од страна на Кривичниот совет на 21.07.2017 година од, донесено е Решение со кое предлогот на ова Јавно обвинителство е уважен и е определена привремена мерка Забрана за отуѓување и оптоварување на сиот движен и недвижен имот на обвинетиот, која мерка ќе трае до правосилно

завршување на кривичната постапка, со одлука на Апелациониот суд Скопје од 07.08.2017 година.

Како резултат на спроведената истражната постапка на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 1 лице за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик.

Со обвинителниот акт поднесен е и посебен Предлог за определување мерка притвор против едно лице, согласно чл.321 ст.3 и чл.165 ст.1 т.1 од ЗКП. Од страна на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје со Решение од 30.06.2017 година, Предлогот за определување мерка притвор е одбиен како неоснован, а определени се две мерки на претпазливост - Обврска обвинетиот да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на патните исправи, односно забрана за издавање нови патни исправи.

На 03.07.2017 година од страна на ова Јавно обвинителство е поднесена жалба против наведеното Решение. На 13.07.2017 година пред Апелационен суд Скопје е одржана јавна седница и истиот ден е донесено решение со кое решението на кривичниот совет по однос на определените мерки за претпазливост е потврдено.

Советот за оценка на обвинителниот акт на Основниот суд Скопје 1 Скопје, при Одделението за организиран криминал и корупција на 27.07.2017 година донесе Решение за издвојување на доказите со кое снимките не може да се користат во постапката. Од страна на ова Јавно обвинителство до Апелациониот суд Скопје на 03.08.2017 година е доставена жалба против наведеното Решение по која Апелациониот суд сеуште нема одлучено.

### IV.19 НСК-КО бр. 7/17

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.7/17 на 21.03.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 1 лице поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело – Даночно затајување од член 279 став 2 в.в. со став 1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик.

Како резултат на спроведената истражната постапка на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 1 лице за кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик

Истовремено, со обвинителниот акт поднесен е и Обвинителен предлог против 3 правни лица:

- Против 1 правно лице за кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.3 в.в. со ст.2 и ст.1 в.в.со член 45 од Кривичниот законик;
- Против 2 правни лица за кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.3 в.в.со ст.1 в.в.со чл.45 од Кривичниот законик;

Со обвинителниот акт поднесен е и посебен Предлог за определување мерка притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП, спрема 1 лице. Со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 29.06.2017 година, одбиен е предлогот за определување мерка притвор како неоснован, а спрема лицето се определени мерки на претпазливост по чл. 146 ст.1 т.2, 3 и 7 од ЗКП и тоа :

- обврска да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје 1 Скопје
- привремено одземање на патната исправа и забрана за издавање на нова патна исправа
- забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело и тоа сите работни активности како управител и сопственик на правните лица кои се поврзани со дејствијата што му се стават на товар со обвинителниот акт.

Од страна на ова Јавно обвинителство на 03.07.2017 година поднесена е жалба против наведеното Решение. На 13.07.2017 година одржана е јавна седница пред Апелациониот суд Скопје и истиот ден од страна на Апелациониот суд донесено е решение со кое решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје е потврдено.

Со решение на В.Д. Претседателот на Основниот суд Скопје 1 Скопје од 04.07.2017 година, усвоено е барањето за изземање на судијата Моника Бахчовановска од постапување по предметот, поднесено од нејзина страна.

**IV.20 НСК-КО бр. 8/17**

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.8/17 на 21.03.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 1 лице поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик.

Како резултат на спроведената истражна постапка на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е Обвинителен акт против 1 физичко лице за кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.2 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик.

Истовремено, поднесен е и обвинителен предлог против 1 правно лице за кривично дело „Даночно затајување“ од чл.279 ст.3 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од Кривичниот законик.

Со обвинителниот акт поднесен е и предлог за определување мерки на претпазливост согласно член 146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП – обврска да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган, привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 29.06.2017 година, уважен е предлогот за определување мерки на претпазливост и бараните мерки се определени. На 13.07.2017 година одржана е јавна седница пред Апелациониот суд Скопје и истиот ден донесено е Решение со кое Решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје во однос на определените мерки на претпазливост е потврдено.

### IV.21 НСК-КО бр. 9/17

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.9/17 на 22.05.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 4 лица поради постоење на основано сомнение дека сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 од Кривичниот законик на Република Македонија.

Како резултат на спроведената истражната постапка на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е обвинителен акт против 3 лица

- Против за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 и чл.22 од Кривичниот законик;

Истовремено, поднесен е и обвинителен предлог против 1 лице за кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание “ од чл.359 ст.2 од Кривичниот законик;

Со обвинителниот акт поднесен е и посебен предлог за определување мерка притвор спрема 1 лице согласно чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП и предолг за определување мерки на претпазливост спрема 1 лице согласно чл.146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП.

Со решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје од 30.06.2017 година предлогот за определување на мерка притвор е одбиен како неоснован и спрема обвинетиот се определени мерки на претпазливост согласно чл.146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП односно обврска на обвинетиот еднаш неделно да се јавува кај определено службено лице во судот и привремено одземање на патна исправа за преминување на државна граница и забрана за издавање на нова патна или друга исправа.

На 04.07.2017 од страна на ова Јавно обвинителство поднесена е жалба против наведеното решение. На 12.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржана е јавна седница по што од страна на Апелациониот суд е донесено решение со кое решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје е потврдено.

Со решение на Кривичниот совет при Основен суд Скопје I Скопје од 30.06.2017 година предлогот за определување мерки на претпазливост согласно чл.146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП е уважен и спрема обвинетиот се определени бараните мерки на претпазливост односно обврска на обвинетиот еднаш неделно да се јавува кај определено службено лице во Основниот суд Скопје 1 Скопје и привремено одземање на патна исправа за преминување на државна граница и забрана за издавање на нова патна или друга исправа.

На 12.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје одржана е јавна седница по што од страна на Апелациониот суд Скопје е донесено Решение со кое Решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје во однос на определените мерки на претпазливост е потврдено.

### IV.22 НСК-КО бр.10/17

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.10/17 на 19.05.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 3 лица поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело, Бесправно градење од член 244 а став 1 од Кривичниот законик.

Како резултат на спроведената истражната постапка на 29.06.2017 година до Основниот суд Скопје 1 Скопје поднесен е Обвинителен акт против 3 лица:

- за кривично дело „Бесправно градење“ од чл.244-а ст.1 од Кривичниот законик

Со обвинитениот акт поднесени се и предлози за определување мерки на претпазливост согласно член 146 ст.1 т. 2 и 3 од ЗКП односно обврска да се јавуваат повремено на определено службено лице или кај надлежен државен

орган и привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Со решенија на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје од 29.06.2017 година, уважени се предлозите на ова Јавно обвинителство при што спрема двете лица се определени мерки на претпазливост односно обврска да се јавуваат еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и привремено одземање на патните исправи и забрана за издавање на нови патни исправи.

На 13.07.2017 година пред Апелациониот суд Скопје 1 Скопје одржани се две јавни седници по што се донесени решенија со кои се потврдуваат двете решенија на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје по однос на определените мерки на претпазливост.

### IV.23 НСК – КО бр.11/17

Во однос на предметот заведен под НСК-КО бр.11/17 на 22.05.2017 година донесена е Наредба за спроведување на истражна постапка против 14 лица поради постоење на основано сомнение дека:

- 1 лице сторило кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик, кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик и кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в став 1 од Кривичниот законик
- 1 лице сторило кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик
- 1 лице сторило кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик и кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в став 1 од Кривичниот законик
- 6 лица сториле кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик
- 2 лица сториле кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од Кривичниот законик

- 3 лица сториле кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в став 1 в.в. член 24 од Кривичниот законик.

Дејствијата преземени во рамки на предистражната и истражната опфаќаа обезбедување на материјални докази, сослушување на сведоци и подготовка на опсежни финансиски анализи на сметководствена евиденција, документи, трансакции и релации во кои беа идентификувани повеќе правни и физички лица.

Во насока на **обезбедување на материјални докази**, беа упатени повеќе од 270 барања до институции, банки и правни лица, преку кои барања беше обезбедена обемна документација, која е класифицирана во триесетина класери. Воедно беа обезбедени и електронски докази кои заедно со дел од обезбедената документација беа предмет на финансиски анализи. Испратени беа повеќе од 570 покани за **сослушување на сведоци**. Сепак голем дел од сведоците не се јавија на поканите, дел од кои доставија унифицирани известувања за неможноста да присуствуваат, а дел не го ни оправдаа своето отсуство. Заклучно со поднесувањето на овој Извештај сослушани се вкупно 260 сведоци на различни околности релевантни за истрагата. Во тек на истрагата 11 од осомничените се испитани.

Во текот на предистражната и истражната постапка извршена е анализа на сметководствената евиденција која вклучи увид и утврдување на кореспондентноста со податоци обезбедени од други извори. Заклучоците од оваа анализа се презентирани во службени белешки кои опфаќаат 457 страници. Воедно, извршена е анализа на вкупно 22.595 трансакции кои биле извршени преку жиро сметките за редовно работење на политичката партија во периодот од 1 јануари 2009 до 31 декември 2015 година. Имајќи предвид дека најголем дел од трансакциите во наведениот период подразбираат уплати извршени од страна на физички лица, врз основа на донации и членарини, а во насока на идентификување на деталите, беше извршен увид во вкупно 11.339 уплатници (ПП обрасци) преку кои е извршена уплата од страна на физички лица. За целите на анализата на трансакциите кои подразбираат исплата кон правни и физички лица, извршен е увид во вкупно 756 налози за плаќање (ПП обрасци), со цел идентификување на основата за уплата и потписникот. Заклучоците од анализата на исплатите се презентирани во соодветни службени белешки, на околу 40 страници.

Предметот е во фаза на истражна постапка имајќи предвид дека сериозноста, обемноста и сложеноста на предметот кој се истражува, како и незаконските дејствија за кои постои основано сомневање дека се сторени сеуште постојат и упатуваат на потребата од натамошно спроведување на истрагата, за која по преземање на сите неопходни дејствија ќе биде донесена соодветна јавнообвинителска одлука.

Од страна на ова Јавно обвинителство до Основниот суд Скопје I Скопјена 22.05.2017 година беа поднесени 12 барања определување на привремена мерка - забрана за отуѓување и оптоварување на дел од недвижен имот кој потекнува од извршено кривично дело. Постапувајќи по барањата, Кривичните совети на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје на 23.05.2017 година донесоа решенија со кои ги уважија одлуките со претходно изјавена несогласност изјавени од судиите на претходна постапка, односно бараната мерка не беше определена.

По ваквата одлука на судот на 26.05.2017 година беше поднесено уште едно барање за привремено одземање на имот заради обезбедување при што во предвид беа земени укажувањата на Судот искажани во одлуките со кои беа одбиени првичните барања за обезбедување на имот. И за ова барање исто така беше донесено решение од 27.05.2017 година со кое се уважува несогласноста изјавена од судијата на претходна постапка.

**IV.24 НСК-КО бр.12/17 СОПОТ**

Ова Јавно обвинителство постапувајќи во смисла на член 11 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите со писмен поднесок од 03.11.2016 година се обрати до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција при што го побара предметот КО бр.42/08, во кој се споени предметите КО.бр.142/08, КО.бр.70/10, КО.бр.71/10 и КО.бр.72/10 со цел донесување на јавнообвинителска одлука.

Од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со допис КО.бр.42/08 од 05.07.2017 година го достави бараниот предмет до ова Јавно обвинителство.

Предметот се води против 10 лица за сторено кривично дело Тероризам од член 327 ст.2 в.в. со член 313 в.в. со член 22 од Кривичниот законик.

Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите со Решение А.бр.112/17 од 10.07.2017 година воспостави надлежност врз наведениот предмет.

По воспоставувањето на надлежност над предметот доставени се известувања до Основниот суд Скопје 1 Скопје, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, обвинетите и нивната одбрана за воспоставената надлежност од страна на ова Јавно обвинителство. Извршен е увид во списите од судскиот предмет по што до судот е доставено барање за дополнително доставување на списи.

Од страна на судот закажано е рочиште на 18.09.2017 година.

**IV-25. НСК-КОВ бр.1/16**

Предметот е оформен врз основа на Иницијатива за подигнување на барање за заштита на законитоста од осудениот Звонко Костовски до ова Јавно обвинителство, посочувајќи дека со наведената пресуда е извршена повреда на Законот на негова штета.

**IV-26. НСК-КОВ бр.2/16**

По однос на барањето за заштита на законистоста поднесено против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ-394/16 од 19.09.2016 година од страна на ова Јавно обвинителство на ден 07.11.2016 година до Врховен суд на РМ, на ден 19.06.2016 година пред Врховниот суд на РМ се одржа нејавна седница во присуство на Јавен обвинител од ова Јавно обвинителство, на која седница советот на Врховниот суд на РМ донесе пресуда Кзз.бр.41/2016 со која барањето за заштита на законитоста се уважува и се утврдува дека со решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ-394/16 од 19.09.2016 година, сторена е повреда на одредбите на кривичнита постапка од член 415 став 1 точка 2 од ЗКП во врска со член 33 став 1 точка 5 од ЗКП, во корист на осомничениот Владимир Талески од Битола.

**IV-27. НСК-КОВ бр.1/17**

Од страна на ова Јавно обвинителство на 16.06.2017 година беше поднесено барање за заштита на законитоста од до Врховниот суд на РМ против Решението КИОК-КС бр.101/17 од 27.05.2017 година на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје 1 Скопје. Со барањето за заштита на законитоста се бара Врховниот суд да утврди дека решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје 1 Скопје, со кое е одбиено барањето на ова Јавно обвинителство за обезбедување на дел од имотот на една политичка партија, било незаконито.

Причините за поднесување на Барањето за заштита на законитоста се во фактот што во конкретниот случај се исполнети сите законски претпоставки за обезбедување на имотот кој што потекнува од кривичното дело, а воедно на првостепениот суд му беше приложен и обемен доказен материјал проследен со финансиски анализи, кои го поткрепуваат барањето за обезбедување на имотот. Со барањето за заштита на законитоста укажано е на неопходноста од толкување на Законот за финансирање на политичките партии во согласност со меѓународните стандарди врз основа на кои овој закон е донесен и на

околноста дека рестриктивното толкување на првостепениот суд на споменатиот закон е во спротивност и со заложбите за спречување на корупцијата како неопходен услов за градење на демократско општество и почитување на принципот на владеењето на правото.

Врховниот суд на Република Македонија сеуште нема донесено одлука по однос на поднесеното барање.

## V. Соработка на ова јавно обвинителство со други државни органи

Во рамки на четвртиот извештаен период во одредена мера се надминати дел од опструкциите на кои во претходните извештаи посочив. Во оваа смисла, кон крајот на овој извештаен период беше видливо дека поголем дел од институциите почнаа да покажуваат подготвеност за соработка со ова Јавно обвинителство, како и нивна подготвеност за постапување во рамки на законски пропишаните обврски. Вака подобрената соработка очекувам да продолжи имајќи предвид дека во претстојниот период е предвидено преземање на голем број на процесни дејствија во рамки на отворените предистражни постапки.

Воедно, сметам дека е потребно да го истакнам напредокот, но и напорите кои беа преземени кон крајот на Извештајниот период во насока на имплементирање на препораките на Венецијанската комисија во Законот за заштита на укажувачи и Законот за заштита на приватноста, како и донесување на измените на Законот за заштита на сведоци од аспект на вклучување на ова јавно обвинителство во работата на работните групи кои се формирани од страна на Министерството за правда задолжени за изготвување на Предлог текстови на наведените закони.

## VI. Меѓународна соработка на јавното обвинителство со меѓународните институции и тела

Меѓународната правна помош и соработка во рамки на предметите кои се водат пред ова Јавно обвинителство и прашањата кои се од доменот на нашата надлежност во согласност со законите и ратификуваните меѓународни договори беше користена и во овој извештаен период. Сепак, ценам дека е потребно да истакнам дека обезбедувањето на податоци и документација во предметите по кои постапуваме преку барања за меѓународна правна помош претставува исклучително сложена постапка која во голем дел од случаите бара подолг временски период во кој сме принудени да чекаме одговори од релевантните институции во земјите до кои барањата се упатени од причина што од одговорите по нашите барања за меѓународна правна помош зависи натамошниот тек на предметите во кои нејзиното користење е неопходно.

И во овој извештаен период продолжи соработката со меѓународни

институции на стручно ниво и низ размена на искуства и ставови поврзани и со процесот на спроведување на претстојните реформи во делот на правосудството како и обезбедувањето на владеењето на правото во земјата. Во текот на овој период одржав средби со германскиот експерт Рајнхард Прибе, во рамки на неговата посета на Република Македонија во функција на превземање на потребните мерки за спроведување на итните реформски приоритети, како и со делегација на Конгресот на САД, предводена од Боб Гудлат, претседател на Комитетот за правосудство на Претставничкиот дом, известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки преземени при приемот во Советот на Европа, (Мониторинг комисија) и со пратениците од Европскиот парламент Иво Вајгл и Едвард Кукан.

Заложбата на ова Јавното обвинителство за професионално, независно и објективно постапување и исклучиво во рамките на законот, водејќи се од принципот за еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите беше потенцирана во рамки на сите средби кои ги остварив. Од страна на соговорниците со кои се сретнав беше потенцирано значењето од исполнување на исклучително важниот мандат кој му е зададен на ова Јавно обвинителство, особено од аспект на институционалната одговорност за обезбедување на владеењето на правото во Република Македонија.

Значењето за Република Македонија и нејзините граѓани, јас како Специјален јавен обвинител да го исполнам мандатот кој ми е доделен и до крај да ги истражиме кривичните дела за кои Специјалното обвинителство е надлежно е потенцирано во сите меѓународни извештаи. *Во резолуцијата за Република Македонија усвоена од страна на Европскиот парламент во месец јуни уште еднаш се повторува значењето од темелна и независна истрага во однос на наводите за незаконитости кои произлегуваат од незаконски прислушуваните разговори и поврзаноста со непочитување на механизмите за надзор, при што особено се повторува значењето од исполнување на мандатот и работата на Специјалниот јавен обвинител од аспект на соодветна кривична и политичка одговорност. Истовремено, во резолуцијата се изразува загриженост за политичките напади, но и институционалните и судските опструкции со кои се соочува ова Јавно обвинителство како и недостатокот на соработка од страна на институциите, потсетувајќи ги кривичните судови кои не одговараат или ги одбиваат барањата на Специјалното јавно обвинителство дека имаат законска обврска да му пружат поддршка на ова Јавно обвинителство и најзначајно, се нотира дека е од суштинско значење за демократските процеси Специјалното јавно обвинителство има можност да ги изврши сите функции заради кои е основано со целосната автономија која му е дадена, без пречки и со сите неопходни средства. Понатаму, во резолуцијата се истакнува потребата на Специјалното јавно обвинителство да му биде дадена целосна поддршка, услови и време кое е потребно за да ја заврши*

*својата важна работа повикувајќи на крај на опструкциите во судовите истакнувајќи ја потребата и изразувајќи поддршка за измените на Законот за заштита на сведоци со цел да се обезбеди законска можност за автономност во одлучувањето за заштита на сведоци во предметите за кои е надлежно Специјалното јавно обвинителство, со цврсто уверување дека исходите од истрагите претставуваат важен чекор напред во враќање на довербата во институциите.*

Исто така, во изјавите на голем дел на високи претставници на меѓународната заедница се потенцира фактот дека на ова Јавно обвинителство е потребно е да му се даде потребната поддршка, време и простор за да ја заврши својата работа, а во функција на остварување на целта заради која беше формирано да ја утврди законската одговорност која произлегува од незаконското следење на комуникациите.

## VII. Односи со јавноста

Јавното обвинителство и во четвртиот извештаен период доследно продолжи да го почитува начелото на транспарентност во работата. Во оваа насока и во овој период редовно ја информиравме јавноста и сите медиуми за активностите преземени од страна на ова Јавно обвинителство врамнотежувајќи ги етичките и процедуралните обврски одредени со закон и јавниот интерес да се биде информиран за текот на истрагата и гонењето, а лицата задолжени за односи со јавност во ова Јавно обвинителство редовно остваруваа контакти преку воспоставената мрежа на контакти со сите претставници на медиумите. Како и досега така и во иднина Јавното обвинителство со кое раководам во рамки на можностите останува достапно за соработка и отворено за јавноста.

Покрај тоа, во овој шестмесечен период во просториите на ова Јавно обвинителство одржани се три прес конференции, на двете официјални електронски адреси на ова Јавно обвинителство примени беа вкупно 62 барања од новинари за одговор во писмена форма, при што беа упатени 110 прашања. Ова Јавно обвинителство, веднаш или во најкус можен рок, одговори ј на речиси сите поставени прашања во рамките на можностите од аспект на карактерот на прашањатаводејќи сметка за интересот на кривичните постапки доведен во корелација со потребата на медиумите од актуелни информации. Воедно, со оглед тоа што ова Јавно обвинителство од самото формирање доследно го почитува начелото на транспарентност и отвореност за јавноста, новинарите во овој извештаен период почесто своите прашања ги поставуваа на директен начин што го потврдува фактот дека до лицата задолжени за односи со јавноста во извештајниот период телефонски се примени речиси три илјади јавувања на новинари, што споредено со претходниот извештаен период претставува речиси илјада телефонски повици повеќе.

Континуираниот интерес кој јавноста го има за работата и резултатите кои се очекуваат од ова Јавно обвинителство остана со несмален интензитет и во овој шестмесечен период што се потврдува со фактот што ваква медиумска застапеност немала ниту една друга институција. Уште повеќе, може да оценам дека ваквиот начин на ориентираност кон јавноста поттикна и други институции од правосудство почесто да се обраќаат кон јавноста со соопштенија или со изјави, што пак значи дека ова Јавно обвинителство даде придонес и во поглед на посуштинско отворање на институции и органи и почитување на јавноста.

Во интерес на јавноста повеќе пати одговарав на новинарски прашања по однос на мое учество во постапки пред судот, како и конференции, научно-стручни расправи и средби. Беше реализирано и телевизиско интервју за германската редакција на Дојче Веле. Воедно, и обвинители на ова Јавно обвинителство во голем дел од случаите во кои го застапуваа ова Јавно обвинителството во постапките пред судовите, дадоа изјави за медиумите што претставува пракса која за првпат беше воспоставена од страна на ова Јавно обвинителство. За работата на Специјалното јавно обвинителство и значењето од исполнување на мандатот кој му е доверен во текот на извештајниот период беа објавени текстови во повеќе странски медиуми. Јас, како специјален обвинител, имав повеќе јавни обраќања во кои изнесов ставови како во врска со работата на Обвинителството, како и за потребата од спроведување на суштински реформи во правосудниот систем кои ги изнесов на експертска расправа во Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), на Меѓународна конференција за реформи во правото и антикоруптивни практики на Универзитетот на Југоисточна Европа, на Конференција посветена на прашањето на укажувачите на Денот на свиркачите, на Конференција за реформи во истражната постапка во Скопје, а воедно и на Охридската школа на природното право организирана од страна на Центарот за стратегиски истражувања при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ).

Заложбата за транспарентност и за отвореност кон сите медиуми ова Јавно обвинителство ќе продолжи да ја спроведува и во наредниот период во насока на доследно почитување на начелата на транспарентност и отчетност во работењето.

## VIII. Заклучни согледувања и идни предизвици

Кон крајот на извештајниот период надминати се дел од пречките со кои се соочуваше ова Јавно обвинителство од аспект на институционална соработка при што поголем дел од институциите покажаа подготвеност за соработка во рамки на законски предвидените обврски. Ова Јавно обвинителство како досега така и во иднина ќе продолжи да постапува исклучиво во рамки на своите законски овластувања користејќи ги при тоа сите законски механизми кои ни стојат на располагање па оттука сме уверени дека институциите ќе соработуваат во истата насока со цел овозможување на Јавното обвинителство да ги исполни своите законски предвидени надлежности и мисијата која му е доверена.

Водејќи се правото на секој граѓанин да добие информација дали телефонскиот број бил предмет на незаконско следење на комуникациите како и доследно почитување на начелото на транспарентност во работењето во претстојниот период ќе продолжи процесот на анализа на сите податоци со кои располагаме со цел утврдување кои броеви биле предмет на незаконско следење на комуникациите и зависно од утврдените резултати ќе се постапи по сите доставени барања за проверка од страна на граѓаните.

Имајќи ги предвид сериозните резултати кои беа постигнати во овој шестомесечен извештаен период, уверена сум дека Специјалното јавно обвинителство уште еднаш потврди дека поседува капацитет да се справува со сите предизвици со кои се соочува во текот на работењето. Во овој извештаен период посебен предизвик беше завршувањето на истражните постапки во рамки на рокот предвиден во член 22 од Законот, што бараше дополнителни ангажмани од сите вработени лица во обвинителството и изнаоѓање на законски решенија за различни состојби и предизвици во насока на задоволување на законските стандарди пропишани за обвинетите лица.

Успешноста на работењето се должи и на концептот на организациска и структурална поставеност на Специјалното јавно обвинителство кој го воведов, а кој не предвидува класично постапување на припадниците на правосудната полиција-истражителите исклучиво по наредбите на јавните обвинители кои се дел од ова Јавно обвинителство. Имено, истражителите преку координиран пристап со тимот во кој се вклучени, под водство на јавен обвинител имаат исклучително проактивна и значајна улога во своето постапување, при што особено се цени професионалното знаење и искуство кое по поседуваат. Имајќи ги предвид ефектите на ваквиот начин на соработка и функционирање на истражителскиот тим во рамки на ова Јавно обвинителство, неминовно се наметнува потребата од формирање на Истражен центар во согласност со Законот за кривична постапка. Во оваа насока, а користејќи ги досегашните

искуства во нашата работа заедно со мојот тим го разработуваме концептот за структура и организација на истражен центар.

Ценам дека е особено важно да потенцирам дека согласно воспоставената пракса на Европскиот суд во случаите по предметите во кои има аудио записи кои потекнуваат од незаконско следење на комуникациите како и Решението донесено од страна на Апелациониот суд Скопје, ова Јавно обвинителство покрај аудио записите сепак обезбеди и голем број на други докази кои недвосмислено ќе покажат дека сторителите ги извршиле кривичните дела кои им се ставаат на товар. Неспорно е дека докажувањето претставува исклучително сложен и обемен процес во рамки на кој е нужно потребно преземање на голем број на дејствија, соодветна временска рамка и ставање на располагање на голем број на човечки ресурси.

Се разбира дека самата законска поставеност на ова Јавно обвинителство налага користење на аудио записите кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите па оттука и материјалите доставени до Специјалното јавно обвинителство имаат специјален статус што е потврдено и со Решението на Апелациониот суд Скопје во кое се наведува дека аудио записите стануваат дел од доказниот материјал и може да се користат како доказ во постапката. Имајќи ја предвид ваквата законска поставеност и веќе воспоставена судска пракса, несомнено е дека потребно е да бидат создадени услови за Специјалното јавно обвинителство да може да ја исполни својата законска надлежност и обврска, а тоа е да ги истражи целосно материјалите кои потекнуваат од незаконското следење на комуникациите и да донесе соодветни јавнообвинителски одлуки.

Предвид наведеното, го изразувам своето уверување дека во претстојниот период, а во што е можно покус рок, ќе се изнајде соодветно законско решение со кое ќе се регулира правната положба на Специјалното јавно обвинителство во смисла на обезбедување на законски механизми и отстранување на сите пречки со цел овозможување на ова Јавно обвинителство до крај да ги истражи кривичните дела кои се во негова надлежност. Имајќи го пред се предвид јавниот интерес, се надевам дека законските измени кои се во тек ќе влијаат на овозможување на правна еднаквост на сите сторители на кривични дела и со донесување на соодветни законски решенија да се отстранат пречките во работата на ова Јавно обвинителство, а воедно ќе се овозможи негово непречено постапување и исполнување на законските надлежности.

Во прилог на потребата од изнаоѓање на соодветно решение со кое ќе се овозможи ова Јавно обвинителство до крај да ја заврши својата работа е и професионалноста на мојот тим, кој недвосмислено покажа детерминираност во борбата против криминалот и корупцијата во Република Македонија. Ве уверувам дека ова Јавно обвинителство и понатаму ќе остане одлучно во

намерата да обезбеди независно, непристрасно и професионално водење на истрагите по однос на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Како Јавен обвинител за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, имајќи го предвид начелото на автономија на ова Јавно обвинителство, цврсто сум убедена дека независното, непристрасно и професионално работење се и ќе останат синоними за работата на Специјалното јавно обвинителство и дека на овој начин ќе успееме да обезбедиме почитување на начелото на еднаков третман на сите граѓани пред Уставот и законите, со што во Република Македонија ќе се надмине проблемот со неказнивоста за кривични дела извршени од одредени категории на лица.